**20100540961**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 35 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/09 ), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР НА ЗГРИЖУВАЧКО СЕМЕЈСТВО, ВИДОТ И БРОЈОТ НА КОРИСНИЦИТЕ КОИ МОЖАТ ДА СЕ СМЕСТАТ ВО ЕДНО ЗГРИЖУВАЧКО СЕМЕЈСТВО И ВИДОТ И ОБЕМОТ НА УСЛУГИТЕ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ШТО МУ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ НА СМЕСТЕНОТО ЛИЦЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице.

Член 2

При избор на згрижувачко семејство се води грижа за запазување на следниве критериуми:

- возраст на згрижувачите;
- степен на образование;
- здравствена состојба;
- морални подобности;
- материјални услови и
- станбени услови.

Член 3

Згрижувач може да биде лице на возраст од 18 до 65 години, како горна граница за вршење на функцијата на згрижување лице.

Во случај кога се сместува дете во згрижувачко семејство, старосната разлика помеѓу згрижувачот и згриженото дете треба да е помала и приближна на природен однос родител дете, а најмногу до 50 години.

Член 4

За сите полнолетни членови на згрижувачкото семејство се зема предвид степенот на нивното образование, при што лицето кое склучува договор со надлежниот Центар за социјална работа за згрижување лице во семејството треба да има најмалку основно образование.

При изборот на згрижувачкото семејство, се води грижа полнолетните членови на семејството да имаат повисок степен на образование.

Член 5

Сите членови на семејството кои живеат во заедничко домаќинство, треба да имаат општа здравствена состојба, утврдена согласно со издадената потврда од матичен лекар за здравствената состојба.

Во семејство нема да се згрижи лице доколку во семејството има член со тешко заболување, болен од неизлечива заразна болест, зависник од дрога или друга психотропна супстанца или злоупотребува на алкохол, со телесна попреченост од таков

степен поради која оправдано може да се очекува дека не може да се грижи за сместеното лице, односно боледува од болест што може да го доведе во опасност здравјето и животот на сместеното лица.

Член 6

Моралните подобности на членовите на згрижувачкото семејството се утврдуваат врз основа на:

- подготвеноста за згрижување на лице во семејството, преку утврдување на мотивите за згрижување на лице, ставовите во однос на вршењето на дејноста на згрижување лица во семејството и спремноста за згрижување на лице;
- структурата на личноста во поглед на личните ставови, способности, интереси и емоции;
- квалитетот на партнерските односи во поглед на меѓусебната комуникација, доколку згрижувачката дејност ја врши брачен пар;
- квалитетот на извршување на родителското право кон сопствените деца;
- квалитетот на релациите со поширокото семејство и пошироката работна, воспитна и животна средина; и
- начинот на живеење и активности во слободното време.

Во семејство нема да згрижи лице доколку за возрасен член во семејството е поведена постапка за одземење или ограничување на родителското право, односно одземења или намалување на деловната способност.

Член 7

Материјалните услови на згрижувачкото семејство, се утврдуваат врз основа на вкупните месечни примања на целото семејство, остварени по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето.

При избор на згрижувачко семејство ќе се води грижа семејството да има повисоки приходите по сите основи, а најмалку во износ над правото на социјална парична помош.

Член 8

Згрижувачкото семејство треба да има обезбеден станбен простор, кој треба да се наоѓа во населено место или во негова близина, така да во зависност од потребите на сместеното лице треба да овозможува тоа да ги користи услугите на воспитаната, образовната, здравствена или друга дејност и да има сообраќајни врски со населеното место.

Станбениот простор од став 1 на овој член, треба да е приклучен на електрична, водоводна, канализациска мрежа, а по можност да има телефонска линија.

Во станбениот простор, треба да има доволно простории (дневна соба, кујна, спални соби, купатило) за заедничко живеење на згрижувачкото семејство и сместеното лице, како со член на своето семејство, а на секое сместено лице треба да му се обезбеди посебен кревет. Станбениот простор треба да е опремен со неопходен мебел и технички апарати и соодветни хигиенски услови во домот.

Ако во згрижувачкото семејство се сместува лице со телесна попреченост, односно кое е тешко подвижно или користи инвалидска количка, станбениот простор мора да биде прилагоден на начин кој ќе му овозможи непречено движење.

Член 9

Семејството кое згрижува лице во своето семејство треба да има успешно завршена обука за згрижувачи.

Семејството, кое згрижува во своето семејство дете жртва на семејно насилство, дете со воспитно-социјални проблеми, малолетен сторител на кривично дело или прекршок, дете и

лице со попреченост, како и старо лице, треба да има успешно завршена специјализирана обука, согласно со потребите на сместеното лицето.

Обуката од став 1 и 2 на овој член, ја спроведува стручен тим на центарот за социјална работа, согласно со програма изготвена од ЈУ Завод за социјални дејности.

За успешно спроведување на специјализираната обука од став 2 на овој член, Центарот за социјална работа може да ангажира стручни лица со соодветна квалификација.

Член 10

Видот и бројот на корисниците кои се сместуваат во згрижувачко семејство, зависи од индивидуалните потреби на корисникот, неговата возраст и потребите за згрижување, условите и можностите за грижа во згрижувачкото семејство и тоа до:

- пет деца без родители или родителска грижа;
- три деца со воспитно-социјални проблеми (занемарени, злоставувани и социјално необезбедени деца) или деца жртви на семејно насилство;
- две деца, малолетни сторители на кривично дело или прекршок;
- три лица со умерени и тешки пречки во менталниот развој;
- едно лице со најтешки пречки во менталниот развој;
- две лица со трајна телесна попреченост, возрасни лица со телесна попреченост и лица со пречки во менталниот развој, кои не се во состојба сами да се грижат за себе и
- пет стари лица.

Во едно згрижувачко семејство можат да бидат сместени и повеќе лица, но не повеќе од пет лица, во случај кога сместените лица се браќа и сестри.

Член 11

Згрижувачкото семејство на сместеното лице му обезбедува :

- сместување и згрижување во своето семејство, нега, општа и лична хигиена, исхрана, неопходна облека и обувки;
- грижа за здравјето;
- овозможување на редовни контакти со родителот, односно други блиски сродници, согласно со насоките или одлуката на надлежниот Центар за социјална работа;
- задоволување на етичките, културните, забавните и рекреативните потреби и
- почитување на етничката припадност и верските обичаи на сместеното лице.

Згрижувачкото семејство за секое сместено малолетно лице, покрај работите од став 1 на овој член, се грижи за неговиот развој, воспитание и образование и во соработка со надлежниот Центар за социјална работа обезбедува учебници и потребен училиштен прибор.

Член 12

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство, видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице, висината на надоместокот на трошоците за сместување и на надоместокот за згрижување („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/06 ).

Член 13

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10-1606/4
12 април 2010 година
Скопје

Министер,
**Џељаљ Бајрами,** с.р.